# З А К О Н
# ЗА МАТИЧЕН БРОЈ

## Редакциски пречистен текст [1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Законот

### Член 1

Со овој закон се уредуваат структурата, определувањето, поништувањето и евиденцијата на матичниот број на граѓанинот на Република Северна Македонија и матичниот број на странецот.

### Член 2

Изразот „странец", во смисла на овој закон, има исто значење како и:

- изразот „странец" кој е утврден со Законот за странците и
- изразите „лице кое има статус на признаен бегалец во Република Северна Македонија" и „лице кои има статус на лице под супсидијарна заштита во Република Северна Македонија" утврдени со Законот за азил и привремена заштита.

### Член 3

Матичниот број на граѓанинот на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: матичен број на граѓанинот) и матичниот број на странецот претставува единствена идентификациска ознака на податоците на граѓанинот и странецот утврдена во членовите 4 и 5 од овој закон.

## II. СТРУКТУРА НА МАТИЧЕН БРОЈ

### Член 4

Матичниот број на граѓанинот се состои од 13 цифри групирани во шест групи, и тоа:

- I група: ден на раѓањето (две цифри),
- II група: месец на раѓањето (две цифри),
- III група: година на раѓањето (три цифри),
- IV група: регистрационо подрачје (две цифри),
- V група: комбинација на полот и редниот број за лица родени на ист датум (три цифри) и тоа за мажи од 000 до 499, а за жени од 500 до 999 и
- VI група: контролен број (една цифра).

Четвртата група на цифри во матичниот број на граѓанинот ја сочинуваат ознаки од 41 до 49 според кои се означуваат регистрационите подрачја во кои матичниот број е определен.

---

[*] Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ CELEX бр.32014R0910

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за матичен број ги опфаќа: основниот текст на Законот објавен во "Службен весник на РМ" бр.137/13, Законот за дополнување на Законот за матичен број, објавен во "Службен весник на РМ" бр.55/16 и Законот за дополнување на Законот за матичен број, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.67/22, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

Регистрационите подрачја од ставот 2 на овој член се единици на локалната самоуправа, односно група на единици на локалната самоуправа и населени места.

**Член 5**

Матичниот број на странецот се состои од 13 цифри групирани во шест групи на начин утврден во членот 4 став 1 од овој закон.

Четвртата група на матичниот број на странецот ја сочинува ознаката 04 за сите регистрациони подрачја во кои матичниот број е определен.

III. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ

**Член 6**

Министерството за внатрешни работи определува матичен број на граѓанинот и матичен број на странецот.

**Член 7**

На граѓанинот, односно странецот му се определува еден матичен број.

Еден ист матичен број не може да му се определи на друг граѓанин, односно странец.

**Член 8**

Матичен број на граѓанин се определува според местото на запишување на граѓанинот во матичната книга на родени во Република Северна Македонија согласно со закон.

**Член 9**

Делот на матичниот број на граѓанинот што го означува денот на раѓањето (I група), месецот на раѓањето (II група), годината на раѓањето (III група) и полот (V група) се определува врз основа на податоците од матична книга на родените.

Контролниот број (VI група) се определува автоматизирано.

Во случај кога податоците од ставот 1 на овој член се променат во постапка предвидена со закон, на граѓанинот му се определува нов матичен број.

**Член 10**

Делот на матичниот број на странецот што го означува денот на раѓањето (I група), месецот на раѓањето (II група), годината на раѓањето (III група) и полот (V група) се определува врз основа на податоците за странецот од матичната книга на родените, личната карта, патната исправа или лична изјава, односно изјава дадена од страна на родител или старател заверена на нотар.

Контролниот број (VI група) се определува автоматизирано.

Во случај кога податоците од ставот 1 на овој член се променат во постапка предвидена со закон, на странецот му се определува нов матичен број.

**Член 11**

Во случај на промена на живеалиштето, односно престојувалиштето, како и личното име граѓанинот, односно странецот го задржува определениот матичен број.

## IV. ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ

### Член 12

Министерството за внатрешни работи донесува решение за поништување на матичен број на граѓанинот во случај кога на еден ист граѓанин му е определен погрешен матичен број или му се определени повеќе матични броеви. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на граѓанинот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на граѓанинот, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.

Решението за поништување од ставот 1 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот кога е утврдено дека на еден ист граѓанин му е определен погрешен матичен број или му се определени повеќе матични броеви.

Решението од ставот 1 на овој член се донесува кога матичниот број, односно матичните броеви се впишани во јавните исправи и службените евиденции.

Во случај кога во матичниот број е внесен погрешен датум на раѓање и пол, постојниот матичен број се поништува и се определува нов матичен број.

Во случај на промена на податоците од членот 9 став 1 од овој закон, постојниот матичен број се поништува и се определува нов матичен број.

Поништениот матичен број од ставот 1 на овој член не може да биде определен на друг граѓанин.

Во случај кога се определени два или повеќе точни матични броеви се употребува матичниот број кој е прв правилно определен.

По исклучок од ставот 6 на овој член се употребува матичниот број кој е впишан во јавните исправи и службените евиденции, а другите се поништуваат.

Во случај на потполно посвојување матичниот број на граѓанинот, определен пред потполното посвојување, се поништува.

### Член 13

Министерството за внатрешни работи донесува решение за поништување на матичен број на странецот во случај кога на еден ист странец му е определен погрешен матичен број или му се определени повеќе матични броеви. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на граѓанинот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на граѓанинот, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.

Решението за поништување од ставот (1) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот кога е утврдено дека на еден ист странец му е определен погрешен матичен број или му се определени повеќе матични броеви.

Решението од ставот 1 на овој член се донесува кога матичниот број, односно матичните броеви се впишани во јавните исправи и службените евиденции.

Во случај кога во матичниот број е внесен погрешен датум на раѓање и пол, постојниот матичен број се поништува и се определува нов матичен број.

Поништениот матичен број од ставот 1 на овој член не може да биде определен на друг странец.

Во случај на промена на податоците од членот 10 став 1 од овој закон странецот го задржува определениот матичен број.

Во случај кога се определени два или повеќе точни матични броеви се употребува матичниот број кој е прв правилно определен.

По исклучок од ставот 6 на овој член се употребува матичниот број кој е впишан во јавните исправи и службените евиденции, а другите се поништуваат.

## V. ЕВИДЕНЦИЈА НА МАТИЧЕН БРОЈ

### Член 14

Министерството за внатрешни работи води евиденција на матичниот број на граѓанин и матичниот број на странец.

Евиденцијата на матичниот број на граѓанин и на матичниот број на странец се води електронски.

Заради остварување на целите утврдени со овој закон во евиденцијата од ставот 1 на овој член се внесуваат следниве лични податоци:

1) личното име;
2) име на родителите;
3) моминско презиме (или презиме пред склучување на брак);
4) датум на раѓање;
5) државјанство;
6) пол;
7) место и држава на раѓање;
8) општина;
9) адреса на живеење (место, општина, улица, број и држава);
10) број на лична карта и
11) органот кој ја издал личната карта.

При водењето на евиденцијата од ставот 1 на овој член се внесуваат и обработуваат податоци од евиденцијата на матичната книга на родените и евиденцијата на матичната книга на умрените согласно со закон.

Личните податоци наведени во евиденцијата од ставот 3 на овој член се чуваат трајно.

### Член 15

Матичниот број на граѓанинот и матичниот број на странецот се впишуваат во евиденциите што се водат за граѓанинот или странецот, кога тоа со закон е определено, согласно со прописите од областа на заштита на личните податоци.

### Член 16

Во рок од три дена од определувањето, односно поништувањето на матичниот број Министерството за внатрешни работи, по службена должност, односно преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги ги известува надлежните државни органи и други институции кои го евидентираат податокот за матичниот број на граѓанинот и матичниот број на странецот во евиденциите за кои со закон се овластени да ги водат.

## VI. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

### Член 17

Министерството за внатрешни работи обезбедува обработка, чување, давање и заштита на личните податоци од неовластен пристап согласно со прописите од областа на заштита на личните податоци.

Во однос на секоја операција или збир од операции што се изведуваат врз личните податоци, а во врска со нивното собирање, внесување, евидентирање, ажурирање, организирање, чување, промена, повлекување, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, блокирање, бришење или уништување, како и која било друга обработка на личните податоци која произлегува согласно со овој закон се применуваат прописите од областа на заштита на личните податоци.

VII. ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

**Член 18**

Се овластува министерот за внатрешни работи да донесе подзаконски прописи за:

1) начинот на определување и поништување на матичен број на граѓанин, формата и содржината на обрасците, како и начинот на водење на евиденцијата на матичниот број на граѓанинот и

2) начинот на определување и поништување на матичен број на странец, формата и содржината на обрасците, како и начинот на водење на евиденцијата на матичниот број на странецот.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 20**

Со денот на започнувањето на примената на овој закон се задржуваат регистрационите подрачја и броевите на регистрите утврдени за општините согласно со членот 4 од Законот за матичен број на граѓанинот („Службен весник на Република Македонија" број 36/92), Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 55/2004, 12/2005 и 98/2008) и Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија" број 55/2004 и 158/11).

**Член 21**

Со денот на започнување на примената на овој закон престанува да важи Законот за матичен број на граѓанинот („Службен весник на Република Македонија" број 36/92).

**Член 22**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила.

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***
***од Законот за дополнување на Законот за матичен број***
***("Службен весник на РМ" бр.55/16)***

**Член 3**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за дополнување на Законот за матичен број ("Службен весник на РСМ" бр.67/22)***

**Член 5**

Подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија" број 137/13 и 55/16), ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Одредбите од членовите 1, 2 и 3 од овој закон, со кои се дополнуваат член 12 став 1, член 13 став 1 и член 16 од Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија" број 137/13 и 55/16), престануваат да важат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.